МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС>>

# МЦМС е-Билтен

Април 2013
БРОЈ 141

## Изборната администрација и локалните избори 2013

МЦМС и Институтот за демократија го објавија Извештајот и препораките за работата на изборната администрација. Извештајот е дел од проектот Мојот избор, посветен на Локалните избори 2013 кој беше спроведен од двете организации.

Извештајот е подготвен врз основа на анализа на документи и директно набљудување на работата на изборната администрација во текот на изборниот процес. Во него, меѓу другото, се констатира дека Државната изборна комисија (ДИК) иако го почитувала принципот на јавност и отвореност во работа, не применувала проактивно информирање на јавноста за одлуките, решенија и другите работи од нејзина надлежност. Недостатокот на соопштенија за јавноста го намалува протокот на информации кон јавноста. Во поглед на (не)пристрасноста а членовите на изборните органи, се констатира дека тие се пристрасни кон партиите што ги предложиле особено за прашањата кои се иницирани или директно ги засегаат политичките партии на кои тие им припаѓаат или ги предложиле на овие позиции. На ДИК и се забележува и за непостапувањето во врска со предвременото започнување на кампањата. Работна група од членови на стручната служба ги следеле електронските и печатените медиуми и ги разгледувале претставките за предвремена изборната кампања. До завршувањето на првиот круг на изборите, се констатира во извештајот, ДИК не ги разгледуваше наодите на оваа работна група и не презеде мерки за санкционирање на предвремено започнување на кампања.

Извештајот понатаму ја разгледува и работата на Општинските изборни комисии. Повеќе на http://www.mojotizbor.mk/images/publikacii/2013/izvestaj-2013-izborna-administracija.pdf




## Презентирана Матрицата за следење на овозможувачката околина за развој на ГО

На 4 април 2013 година, во просториите на ЕУ - инфо центарот во Скопје, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН) го организираа промотивниот настан за заедничкиот проект „Acquis на балканското граѓанско општество: Јакнење на потенцијалот и капацитетите на граѓанските организации за застапување и лобирање“ поддржан од Европската Унија.

Околу 25 претставници на граѓански организации, државни службеници и претставници од странски и меѓународни организации беа запознаени со содржината на проектот и со основните карактеристики на Матрицата за следење на овозможувачката околина за развој на граѓанското општество. Матрицата е алатка за следење на овозможувачката околина за граѓанските организации која содржи 3 области, осум под-области и 151 индикатор. Истата е развиена од страна на претставници на организациите членки на БЦСДН со поддршка на Извршната канцеларија на мрежата и Европскиот центар за непрофитно право. Наменета е за следење на овозможувачката околина на земјите од балканскиот регион, пред се, но со одредени прилагодувања може да се примени многу пошироко.

Воведно обраќање имаше Ирена Иванова од Делегацијата на Европската Унија, која истакна дека е особено важно што повеќе од десет македонски граѓански организации се дел од регионалните проекти поддржани од ЕУ, а овој проект е единствен кој е раководен од организација од Македонија. Понатаму, Тања Хафнер – Адеми од БЦСДН, го презентираше проектот „Acquis на балканското граѓанско општество“ и се осврна на шесте стратешки цели на БЦСДН кои што ќе бидат реализирани во следните четири години. Емина Нурединоска од МЦМС даде подетален преглед на концептот и содржината на Матрицата. Истакнато беше дека овој документ е сеопфатна и важна алатка која може да биде употребена од страна на граѓанските организации за полесно да се идентификуваат околностите во кои делуваат организациите, како и приоритетите врз кои треба да се базираат нивните идни активности во насока на понатамошен развој на граѓанското општество. Исто така, Матрицата може да се користи и од страна на државните органи и од делегациите на Европската Унија во земјите од регионов при подготовка на прогрес извештаите за напредокот на земјите во процесите на приближување кон ЕУ.



*Од лево: Тања Хафнер Адеми, Емина Нурединоска и Ирена Иванова*

Во вториот дел беа формирани 3 работни групи, каде што учесниците можеа активно да се вклучат во дискутирање на содржината на Матрицата. Учесниците, низ дискусијата, идентификуваа точки за подобрување на Матрицата со што се вклучија во дообликувањето на овој документ.

## Голем интерес за курсевите и обуките низ работа

Во текот на април 2013 година, МЦМС во соработка со партнерските организации Иницијатива за европска перспектива – ИЕП, Флоренс Најтингејл и Рекански Бисер идентификуваа повеќе од 300 жени, потенцијални учеснички во програмата. Направени се интервјуа со 280 од нив, а 250 покажале интерес за активно учество во курсевите и обуките кои ќе се организираат со цел подобрување на способностите и вештините за вработување.

Паралелно со интервјуата, идентификувани се околу 150 локални претпријатија. Партнерите во програмата, во соработка со агенцијата за истражување на пазарот и јавното мислење анкетираа повеќе од 40 претпријатија кои покажаа интерес и подготвеност за соработка во следната фаза за курсеви и обука низ работа. Во следниот период ќе се направи анализа на собраните податоци од анкетата, ќе бидат селектирани и распоредени во групи жените кои ќе ги посетуваат курсевите и обуките.

Во општините Јегуновце, Теарце, Чаир и Сарај се одржаа и вторите информативни средби. Учествуваа идентификуваните жени и заинтересираните за учество во проектот кои се информираа директно и детално за содржината на проектот, предвидените активности како и очекуваните резултати. Посебно внимание беше посветено на планираните курсеви и обуки низ работа, како и на дискусиите околу нивните преференции.



*Една од информативните средби одржана во Чаир*

## ИПА фондовите и образованието на Ромите

На 22 април 2013 година во Загреб, на Конференцијата за квалитетно образование за Ромите, Александар Кржаловски, првиот извршен директор на МЦМС го презентираше извештајот од истражувањето „ИПА фондовите и образованието на Ромите“ спроведено во Хрватска, Македонија и во Србија.

Истражувањето покажало дека ромските актери, организациите и претставниците, имаат тешкотии во учествувањето во процесот на програмирање за ИПА, имаат слаби капацитети и волја за партнерства кои успешно ги ди одведат до ИПА фондовите кои пак од своја страна обезбедуваат и директни и индиректни бенефиции за ромските заедници. Не е јасно, велат авторите на извештајот, дали ромските актери имаат било какво влијание на процесот, бидејќи нив ретко ги има во структурите за планирање и набљудување на ИПА.

За целите поврзани со Ромите се обезбедуваат можности за конкретни проекти. На пример, во Србија, тој износ е 6,2% од сите ИПА фондови. Но, како резултат на тендерите, само мал дел од средствата завршуваат во конкретни проекти специфично наменети за Ромите. Некои се наменети за градење на капацитети на државните институции. Вкупно 32 проекти поддржани со ИПА фондовите биле наменети ексклузивно за ромската популација и/или се спроведени од Роми: 6 проекти во Хрватска (3,354,280 €), 3 проекти во Македонија (628,623 €) и 23 проекти во Србија (1,146,087 €). Шест од овие проекти се наменети за образование: во Хрватска, еден проект за компјутерско образование; во Македонија, еден твининг проект и во Србија, четири проекти (не-ексклузивно за Роми). Најголем број од проектите се сервис договори, а за некои од нив не е јасно дали придобивките ќе бидат за Роми. Другите можности се вон ИПА фондовите, во програми на ЕУ (ЕИДХР, ПХАРЕ и др.) и други донатори (УСАИД; СДЦ, итн.).




# Анализа: Огледало на Владата 2012

Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС) ја изготви публикацијата „Огледало на Владата 2012: учество на јавноста во процесите на подготовка на закони“ којашто треба да им послужи на граѓанските организации, државните службеници и општо на јавноста да се информираат за отвореноста на институциите и да ги зголемат знаењата за процесите на подготовка на закони.

Анализата треба да придонесе кон застапеноста и учеството на граѓанското општество во подготвувањето и спроведувањето на јавните политики, преку воспоставување модел за следење на отвореноста на процесите на подготовка на закони и информирање за спроведувањето на постоечките механизми со кои е предвидено вклучување на јавноста.

Првиот дел ги содржи резултатите добиени со прашалници испратени до државните институции во периодот 1 март – 31 октомври 2012 г. Преку нив е оценета отвореноста на државните институции во комуникацијата со јавноста и отвореноста на процесите на подготовка на 26 акти на 12 министерства. Во вториот дел се претставени резултатите од следењето на минимумот стандарди за учество на јавноста во подготовка на законите, односно запазувањето на временскиот рок за консултации за објавените предлог-закони на Единствениот национален регистар на прописи (ЕНЕР) во истиот период. Направен е и преглед како министерствата ги користат своите веб-страници за објавување на предлог-законите и за информирање на јавноста за можноста да се вклучи во подготовката на предлог-законите.

Главни заклучоци произлезени од анализата се:

1. Постојат добро воспоставени механизми за комуникација со граѓанскиот сектор и јавноста, но отсуствува проактивност.
2. Околината за учество на јавноста во подготовка на законите недоволно е поддржувачка.
3. Отвореноста на процесите при подготовка на конкретни акти е оценета како недоволна.
4. Одредени министерства се издвојуваат како предводници на позитивните практики во сите анализирани области.
5. Само дел (41%) од сите предлог-закони објавени на јавен увид на ЕНЕР биле отворени за консултации од страна на јавноста.
6. Минимални отстапувања има од законскиот рок за консултации предвиден во Деловникот за работа на Владата.
7. Нерегистрирањето на промените на статуси од страна на службеници во министерства и недостапност на информацијата за датумот на менувањето на статусот на предлог-законот се значителен недостаток на ЕНЕР.
8. ЕНЕР не е перципиран како алатка за вклучување во процесите на подготовка на законите од страна на засегнатите страни.
9. Мнозинство од министерствата (60%) ги користат своите веб-страници за информирање и повикување на вклучување на јавноста во процесот на подготовка на предлог-закони на барем еден начин.

За сите заклучоци следат и препораки за подобрувања кои треба да придонесат кон зголемување на вклучување на јавноста во процесите на подготовка на закони.

Анализата е подготвена како дел од проектот „Огледало на Владата“ кој е финансиран од ЕИДХР од Европската Унија.

# Иднината на пристапот на Ромите до фондови

На 18 април 2013 година во Осијек, Хрватска се одржа регионален состанок на партнерите на ПРФ (Пристап на Ромите до фондови), за дефинирање на нови среднорочни стратешки насоки на иницијативата „Да се направи максимум со фондовите од ЕУ за Ромите (МтМ)“. На состанокот присуствуваа претставници на националните спроведувачки организации од Македонија, Црна Гора, Србија и Хрватска, како и претставници на Институтот Отворено општество (ИОО) од Будимпешта, како донатор на програмата.

Во првиот дел од состанокот учесниците расправаа за евентуалните потреби за концептуални и оперативни прилагодувања на Програмата и дефинирање на заеднички, регионални иницијативи, како и специфични активности за секоја земја посебно, кои би се спровеле во текот на 2013 година.

Присутните ги споделија своите искуства за проблемите со кои се соочиле во текот на спроведувањето на програмата и предлагаа прилагодувања на методологијата. Така би се подобрил квалитетот на реализирање на програмата и би се овозможила стабилна испорака на услуги, компатибилни со приоритетните потреби на Ромската заедница.

Вториот дел од состанокот беше посветен на иднината на пристапот на Ромите до фондови и на неговата долгорочна стабилност.

Учесниците разговараа за своите стратешки размислувања за тоа што е она што во иднина треба да се преземе на национално и регионално ниво за подобро застапување на интересите на ромското население во четирите земји, за да се зголеми и обезбеди трајно општествено вклучување, јакнење на капацитетите и партиципација во развојните процеси на Ромите.



*Од регионалниот состанок на партнерите посветен на Пристап на Ромите до фондови*

МтМ е иницијатива на Институтот Отворено општество (ИОО). Во Македонија, национални партнери на иницијативата се МЦМС и ИнСок. МтМ се стреми да ги поврзе зацртаните цели за социјална инклузија на Ромите со развојните ресурси на Европската Унија (ЕУ), но и на националните влади со потребите на ромското население.

На состанокот, како претставници од Македонија учествуваа Александар Кржаловски и Валентина Чичева од МЦМС и Самет Скендери од Иницијатива за социјална промена (ИнСоК).